Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-507/11 од 23.01.2015 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Уп 1 бр.02-141/1 од 08.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 02 - та седница одржана на 23.01.2015 година, донесе:

# О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје, и тоа:

1.1 <u>за истапување на правното лице:</u>

- Друштво за контрола и услуги БИЛД КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6874819 и седиште на ул. „Мирче Оровчанец“ бр.88-1 во Скопје, и

1.2 <u>за пристапување на физичките лица</u>:

- Соња Филиповска со ЕМБГ и адреса на ул. „ во со учество во основната главнина од 60% (345.400,00 денари) и
- Петар Фидановски со ЕМБГ и адреса на ул., во со учество во основната главнина од 40% (230.270,00 денари).

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура, бр.01-5739/1 од 19.11.2014 година, („Службен весник на Република Македонија“, бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-141/1 од 08.01.2015 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата

намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-141/1 од 08.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02-141**

**23.01. 2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**

**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
2. Секторот за истражување и долгорочен развој;
3. Секторот за правни работи;
4. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп 1.